РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Биро за развој на образованието
СКОПЈЕ

| Примено: | 18. 05- 2012 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единици | број | Прилог | Вредност |
| 07 | 1860/1 | | |

Архивски број 0206
Скопје 7/00/140
18.05.12 год.

Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија” бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10 и 51/11) и член 30 од Законот за основно образование („Службен весник на Република Македонија” бр. 103/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11 и 51/11), министерот за образование и наука ја утврди Наставната програма по **ликовно образование** за V одделение на деветгодишното основно образование за учениците со аутизам.

АРХИВСКИ ПРИМЕРОК

**АДАПТИРАНА НАСТАВНА ПРОГРАМА ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО АУТИЗАМ**

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

# ЛИКОВНО ОБРАЗОВАНИЕ

**V ОДДЕЛЕНИЕ**

**ДЕВЕТГОДИШНО ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ**

# 1. ЦЕЛИ НА РАЗВОЈНИОТ ПЕРИОД ОД IV ДО VI ОДДЕЛЕНИЕ

**Ученикот/ученичката:**

- да ги развива способностите за непосредно набљудување и воочување на особеностите на формите, линиите, боите, пропорциите, заемниот однос на деловите (конструктивни компоненти), на предметите и другите визуелни појави во природата;
- да ги развива способностите за компонирање на ликовните елементи и формирање на естетска целина;
- да се оспособува самостојно да расудува, заклучува и логички да ги применува искуствата и сознанијата;
- да ја развива свеста за примената на естетиката во уредувањето на просторот за живеење, меѓусебната комуникација и примена на уметноста во производството;
- да ја проширува ликовната писменост и да ги развива креативните способности преку решавање на ликовни проблеми;
- да го развива визуелното мислење преку практична и теоретска работа;
- да се воведува во системот на визуелни знаци присутни во општествениот живот (сообраќајни знаци, амблем и сл.);
- да се оспособува за ликовна работа во природа, по фантазија, тематска работа;
- да развива осет за боја, линија, форма, форма во простор, единство во композицијата;
- да формира навики за индивидуален творечки однос во рамките на ликовната работа и други активности во животот;
- да ги развива способностите за истражување и флексибилна примена на нови ликовни материјали и постапки за работа и стекнување технолошки искуства;
- да формира работни навики и способност за организација на работниот процес: планирање, проектирање, творештво и валоризација на резултатите;
- да го развива интересот кон ликовното творештво и да се оспособува ликовните и естетските искуства да ги применува во учењето, општествениот живот и работата;
- да се поттикнува да се грижи за природата и уредувањето на непосредната околина;
- да се запознае со ликовни дела од познати мајстори и со компонентите на ликовните дела и да изградува ликовен критериум;
- да ги поврзува ликовните сознанија и активности со содржините на другите наставни програми;
- да се поттикнува да се грижи за културното наследство на Република Македонија;
- да се оспособува за истражување, комбинирање и креирање со компјутер.

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВАТА ВО V ОДДЕЛЕНИЕ

**Ученикот/ученичката**

- да перципира простор и релации во просторот;
- да развива поголема визуелна способност;
- да се запознава со нови ликовни техники и да комбинира ликовни техники;
- да запознава нови термини кои се користат во наставните содржини;
- да искажува љубопитство и интерес за ликовна работа и творење;
- да развива способности за примена на разни материјали и техники за цртање, сликање, моделирање, градење и визуелни комуникации во ликовното изразување;
- да ги знае и да ги разликува особеностите на ликовните материјали, постапки за работа и правилна употреба на помагалата и алатот во ликовно – творечката работа;
- да го открива и користи ликовниот јазик – ликовните елементи: линија, боја, форма, текстура, плоштина, простор и друго и нивната употреба во ликовното творештво;
- да ја осознава функцијата на бојата во секојдневниот живот;
- да ги знае и објаснува основните поими и ликовните термини;
- да ги искажува самостојно и слободно своите сознанија, доживувања и впечатоци, мисли и фантазија со помошна ликовниот јазик и творештво;
- да ги користи елементите од народниот фолклор во дизајнирање на предмети;
- да твори самостојно, тандемски, групно и колективно;
- да умее да направи избор на идеја, активност и средства да состави ликовна творба;
- да развива способности за набљудување, вербално објаснување и естетско проценување;
- да развива способност за разликување на уметнички дела од различни ликовни подрачја (цртеж, слика, скулптура, архитектура);
- да развива свест за уметничка култура;
- да ги користи креативно сите искуства и творечки потенцијали;
- да ги искажува критично мислењето, емоциите и впечатоците од набљудувани уметнички дела;
- да умее вербално да ја објасни ликовната творба;
- да умее да ја користи компјутерската техника за ликовно творештво;
- да развива културно хигиенотехнички и работни навики.

## 3. КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ

| ЦРТАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>• да се оспособува да го забележува надворешнот простор;<br>• да воочува и применува видови ритми;<br>• да стекне елементарно знаење за линијата како еден од основните ликовни елементи;<br>• да се оспособи да комбинира точки, линии и плохи со цел да создаде најразлични текстури;<br>• да воочува детали и да се обиде да создаде целина – единство во композицијата;<br>• да воочува во природата статика и динамика (објекти кои се движат и не се движат);<br>• да се запознае со нови техники (туширање);<br>• да се оспособи да црта и лавира со туш; | • Средствата за цртање и нивната употреба<br>• Ликовни елементи во цртањето<br>• Цртање<br>• Естетско проценување | • Композиција<br>• Видик<br>• Видикова линија-хоризонт<br>• Линија<br>• Туширање<br>• Текстура | • Набљудување на непосредната околина, забележување на затворен и отворен простор (блиски и далечни објекти), мојата соба, мојата куќа и сл.<br>• Цртање мотиви преку кои претставуваат блиски и далечни објекти, овошје во чинија и сл.<br>• Воочување разлики меѓу дводимензионален и тридимензионален простор, постигнување на трета димензија на елементите и длабочината на просторот со употреба на тон, исцртување на декоративни букви за плакат или рекламно пано, гипсана глава.<br>• Работилница: забележување на ритмот на формите и линиите.<br>• Примена на фолклорни елементи (ритам) при цртањето. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| • да се поттикне да забележува и применува разновидни линии;<br>• да се оспособи да претстави контраст со помош на линии;<br>• да се поттикне да го открива и коментира богатството на линии, ритам, текстура, статика – динамика во делата на познатите уметници, како и во ученичките творби, мотив, техника... | | | • Употребување на природни и вештачки текстури (моден дизајн, облека.)<br>• Забележување на композицијата во непосредната околина.<br>• Со цртање линии и форми да создава композиција (геометриски тела, овошје…..).<br>• Во природата (непосредната околина) го воочува движењето на објектите во однос на другите кои не се движат.<br>• Цртање омилени животни во движење, (употребување контраст статика – динамика).<br>• Препознавање и користење линии со различен интензитет (кора од дрво, пердув.....).<br>• Набљудување дела од познати уметници и на нив со помош на наставникот откривање движење, боја, контраст итн. |

| СЛИКАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>• да знае соодветно да ги користи подлогите, priborot и сликарските материјали;<br>• да забележува различни тонови на боја во природата;<br>• да го воочува и да се оспособи да го користи комплементарниот контраст на бои: црвена-зелена, жолта-виолетова, портоколова-сина;<br>• да комбинира мали и големи форми и да ги збогатува со текстура (според карактерот на мотивот);<br>• да се поттикне да покажува поголема осетливост за детали;<br>• да се оспособи да умее да нанесува погуст или поредок слој на боја на сликарската подлога; | • Основните материјали за сликање и нивната употреба<br>• Ликовни елементи во сликањето<br>• Сликање<br>• Естетско проценување | • Топли и ладни бои<br>• Темни и светли бои<br>• Контрастни бои | • Набљудување на непосредната околина, забележување внатрешен и надворешен простор.<br>• Воочување на бојата во секојдневниот живот (основни и секундарни бои и нивно мешање).<br>• Со помош на топлите бои да постигне дви- жење во просторот (топлите трепераат, а ладните мируваат-деца на ливада).<br>• Доловување на просторот со помош на посветли и потемни тонови (вселенска станица).<br>• Сликање внатрешен и надворешен простор.<br>• Предмети од природата (цветови, плодови со разни бои) воочување на боја.<br>• Сликање мртва природа.<br>• Сликање по фантазија.<br>• Препознавање на мали и големи форми и употреба на текстура (предмети од народниот фолклор, носии, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| • да применува комбинирани ликовни техники;<br>• да разликува и именува разни мотиви: мртва природа, пејзаж, портрет, композиција;<br>• да ги искажува емоциите, мислењето и впечатоците од набљудувани дела (цртежи, слики, репродукции). | | | колани, престилки, накит).<br>• Сликање со користење на комплементарни бои и тонови - циркус-кловн, весел воз.<br>• Сликање со акварелни бои (за позадината), а откако ќе се исуши цртање детаљ со фломастери или употреба на темперни бои .<br>• Сликање со восочен пастел (мотив- цвеќе).<br>• Цртање и сликање со различни сликарски и цртачки техники и материјали.<br>• Набљудување детски уметнички творби. |

| ОБЛИКУВАЊЕ ВО ПРОСТОРОТ, МОДЕЛИРАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>• да ја усовршува мануелната способност со примена на различни постапки за работа;<br>• да воочува и опишува волумен (аглест-валчест, испапчен-вдлабнат);<br>• да компонира две или повеќе фигури во една целина (постигнување на единство);<br>• да воочува разлики (вид) на релјеф (висок-низок) и да моделира низок релјеф;<br>• да се запознае со карактеристиките на стиропорот во моделирање;<br>• да го искажува своето мислење за тридимензионалните форми;<br>• да препознава полна пластика, статуа, релјеф, биста. | • Материјали за моделирање<br>• Ликовни елементи во моделирањето<br>• Моделирање<br>• Естетско проценување | • Волумен (аглест-валчест, испапчен-вдлабнат)<br>• Контраст<br>• Пропорција<br>• Скулптура<br>• Биста<br>• Тридимензионалност<br>• Релјеф (висок- низок) | • Преку игра се воочуваат и именуваат геометриските тела во непосредната околина и слободните форми создадени од природата (мртва природа).<br>• Моделирање и претставување различни форми и нивно препознавање (аглести, валчести, испапчени и вдлабнати).<br>• Комбинирање и создавање композиција од природни материјали (плодови, камења, гранки, корења…..).<br>• Моделирање на најразлични форми по големина и поставување во една заедничка композиција (најразлични форми на шишиња,тикви – големи и мали).<br>• Преку визуелни и тактилни перцепции откривање и воочување разлика на релјеф (висок, низок). |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | • Моделирање во глина на низок релјеф со втиснување, гребење и длабење.<br>• Од стиропор создавање разни елементи и комбинирање во композиција (перфорирање, сечење, составување, лепење..).<br>• Комбинирање и составување во целина материјали кои ја промениле првобитната функција (амбалажа, отпадни материјали).<br>• Моделирање по сопствен избор.<br>• Посетување музеј или отворен простор (статуа, споменик, биста). |

| ДИЗАЈН И ВИЗУЕЛНИ КОМУНИКАЦИИ | | | |
|---|---|---|---|
| **Цели** | **Содржини** | **Поими** | **Активности и методи** |
| **Ученикот/ученичката:**<br>• да воочува видови композиција;<br>• да се поттикнува да употребува геометриски и природни форми во изработка на фриз, орнамент;<br>• да користи елементи од народниот фолклор во дизајнирањето на предметите;<br>• да направи оригами според демонстрирано упатство. | • Дизајн<br>• Ликовни елементи во дизајнот<br>• Визуелни комуникации<br>• Естетско вреднување | • Оригами<br>• Постер<br>• Орнамент | • Набљудување фотографии, постери, корици од списанија, книги и воочување цртеж, текст, знак и други елементи.<br>• Декорирање разни глинени предмети при што се користат елементите од народниот фолклор.<br>• Изработување украсни предмети (вазни, лампи, лустери, накит….<br>• Изработување честитки, украси, накит.<br>• Изработување оригами. |

## ГРАФИКА

| Цели | Содржини | Поими | Активности и методи |
|---|---|---|---|
| **Ученикот/ученичката:**<br>• да го воочува специфичниот ликовен израз на графиката како ликовно подрачје;<br>• да се запознае со нова техника-гипсорез, ги запознава нејзините карактеристики, алати и постапки на работа;<br>• да покаже интерес за самостојно отпечатување на клишето;<br>• да применува разновидни плохи текстури (од текстил) во картон-печат;<br>• да изработува и печати едноставен графички знак или декоративен елемент;<br>• да стекне основни сознанија за компјутерска графика (визуелните и ликовните карактеристики). | • Основни материјали за печатење<br>• Ликовни елементи во графката<br>• Печатење<br>• Естетско проценување | • Линија<br>• Контраст<br>• Текстура<br>• Форма<br>• Композиција<br>• Отпечаток<br>• Длабење<br>• Валјак | • Разгледување видови графики и препознавање именување и на графичките техники (монотипија, картон печат, линорез, гипсорез).<br>• Наставникот ги запознава учениците со техниката гипсорез, демонстрира длабење со длетата како и постапката на печатење.<br>• Со помош на наставникот прават скица за графика.<br>• На матрицата за картон печат препознавање и поставување елементи со разни видови текстури (чипка, ребрест картон, јута, волница и др.).<br>• Оспособување за самостојно нанесување боја и печатење (со валјак).<br>• Изработување едноставен знак во графичката техника гипсорез.<br>• Оспособување за користење на компјутер за изработка на графика. |

## 4. ДИДАКТИЧКИ ПРЕПОРАКИ

Наставните содржини по предметот ликовно образование даваат можност за интегрирано целно и содржинско поврзување со наставните предмети кои се изучуваат во петто одделение. Исто така, се дава можност за внатрешно интегрирано планирање на сите теми во согласност на потребите на учениците и планираните активности.
Покрај осознавањето за употребата на различните видови материјали и техники во ликовното изразување, од голема улога е и анализирањето на изработените продукти, со примена на арт - терапијата. Со помош на неа успеваме ученикот/ученичката да го потикнеме да ги искаже своите чувства, го наведуваме да ја опише сликата, бараме да ги разјасни деловите на цртежот, бараме да ја опише сликата како да се однесува на него: Јас сум таа слика. Преку сликата комуницираме со ученикот/ученичката (ги осознаваме неговите стравови, состојби, семејни проблеми..... ).
Тука треба да дојде до израз креативноста на наставникот, кој, исто така, ги бира различните материјали за моделирање и останатите облици на активности.

Предметот ликовно образование во V одделение е задолжителен со 2 часа неделно, односно 72 часа годишно.

**Годишен фонд на часови:**

| | **ТЕМИ** | **Број на часови** |
|---|---|---|
| 1. | Цртање | 18 часа |
| 2. | Сликање | 30 часа |
| 3. | Обликување во просторот, моделирање | 10 часа |
| 4. | Графика | 6 часа |
| 5. | Дизајн и визуелни комуникации | 8 часа |
| Вкупно: | | 72 часа |

* **Забелешка**: Бројот на часовите е даден ориентационо.

**Наставни средства:**

- разни извори на учење од непосредната околина (предмети во природата и околината);
- дидактички средства и материјали;
- визуелни средства (предмети од непосредната околина, репродукции, детски творби, апликации и сл.);
- слајдови, сликовници, списанија и сл.;
- аудио-визуелни средства (ТВ, ДВД, видеоплеер, дигитален фотоапарат, дигитална камера, компјутер и други средства зависно од предметот);
- Интернет, образовни софтвери.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Во текот на наставата редовно се следат и вреднуваат постигањата на учениците, се прибираат показатели за нивните активности, мотивираноста за ликовно творење, колективната соработка и сл. (формативно оценување). Оваа компонента е составен дел на планирањето на наставникот за наставата и учењето.

**Описно оценување**:

- опсервација на ученикот;
- разговор како начин на изразување;
- вербално опишување на сопствениот цртеж;
- степен на совладување на ликовните техники;
- индивидуални креативни способности;
- учество и изведба на ликовна творба;
- воочување и препознавање на разни предмети од непосредната околина и применување во ликовното творештво;
- презентација на ликовните ученички творби;
- креативно изразување и творење во ликовните техники;
- препознавање на ликовни техники и материјали;
- активно учество во тимската работа и др.

Од формираните сумативните описни оценки формулирани за секој ученик посебно раководејќи се од поставените нивоа на постигања во тек на определени временски периоди наставникот на крајот на учебната година внесува соодветни нумерички оценки.

## 6. ПРОСТОРНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗИРАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Програмата во однос на просторните услови за реализација се темели на Нормативот за простор и на наставни средства донесен од страна на министерот за образование и наука.

## 7. НОРМАТИВ ЗА НАСТАВЕН КАДАР

Наставата по ликовно образование за петто одделение може да ја реализира лице кое завршило:
- Филозофски факултет - Институт за дефектологија, дипломиран дефектолог;
- дефектолошки факултет согласно Законот за основно образование.

**Изготвил:** работна група,
координатор Марија Симонова, советник во Бирото за развој на образованието - Скопје
**Одобрил:** м-р Митко Чешларов, раководител на Сектор во Бирото за развој на образованието - Скопје

## 8. ПОТПИС И ДАТУМ НА ДОНЕСУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма по ликовно образование за петто одделение на деветгодишното основно образование за учениците со аутизам, на предлог на Бирото за развој на образованието, ја утврди

на ден 10.05.2012

Скопје

Министер

м-р Панче Кралев

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
Бр. 11-2482/4
15.05 2012 год.
СКОПЈЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА * СКОПЈЕ * 2